# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 11** **Вторник, 26 Ноември 2024** **Демир Капија**



**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бр.15Б тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**


## С О Д Р Ж И Н А


1. *Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Демир Капија........*
2. *Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година............*
3. *Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење............................................................*
4. *Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење............................................................*
5. *Оперативен план за дејствување во зимски услови на територијата на Општина Демир Капија 2024-2025 година.............................................................................................................................*
6. *Решение за давање согласност на Програма и план за работа (со финансиски план) на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци......................................................................................*
7. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци...........................................................................................................*
8. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2025 година на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци...........................................................................................................*
9. *Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за периодот од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година.........................................................................*
10. *Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартал 2024 година..........................................................................................*
11. *Решение за одобрување на еднократна парична помош...................................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Демир Капија**

Се објавува Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Броj 09–726/1 Градоначалник на
26.11.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 46 став (1) алинеја 1, став (2) алинеја 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 25.11.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Демир Капија

1. На **Александар Галапчев**, член на Советот на општина Демир Капија му престанува мандатот на член на Советот на општина Демир Капија поради поднесување на оставка, сметајќи од денот на одржување на седницата.

2. Примерок од Решението за констатирање на престанок на мандатот да се достави до Општинската изборна комисија Демир Капија.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Броj 08 – 714/4 Претседател на Совет на
25.11.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Броj 09–726/2 Градоначалник на
26.11.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 34 став (5) од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), Советот на Општина ДЕМИР КАПИЈА на 40-та седница одржана на 25.11.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година и тоа на следниот начин:

| **Потпрограма Потставка** | **БУЏЕТ** | **ДОТАЦИИ** | **ДОНАЦИИ** | **КРЕДИТИ** |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки | | | | |
| **N10 Основно образование** | | | | |
| **741120 Блок дотации на општината по одделни намени** | **0** | **160.466** | **0** | **0** |
| | **0** | **160.466** | **0** | **0** |
| И се распоредуваат на следните расходни потставки | | | | |
| **N10 Основно образование** | | | | |
| **401130 Основни плати други вработени** | | **100.466** | | |
| **401320 Персонален данок од надоместоци** | **0** | **60.000** | **0** | **0** |
| | **0** | **160.466** | **0** | **0** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Капија, и станува составен дел на Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година.

Број 08 – 714/5
25.11.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење**

Се објавува Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Број 09–726/3
26.11.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 26 став 1 точка 6 а во врска со член 7 став 1 алинеја 8, член 9 став 2 и член 23 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и "Службен весник на РСМ" бр.122/21, 111/23 и 208/24), Советот на Општина Демир Капија на XL-та седница одржана на ден 25.11.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење**

**Член 1**

Со оваа Одлука се резервираат средства во Буџетот на Општина Демир Капија во висина од 157.605,00 денари, за потполна експропријација на земјиште за реализација на јавен интерес од локално значење – Реконструкција на ул."Партизанска крак 4" во Демир Капија.

**Член 2**

Со експропријацијата за реализација на јавен интерес од локално значење, ќе престане правото на сопственост на физичките лица (приватна сопственост) а ќе се заснова правото на сопственост на Општина Демир Капија (општинска сопственост) на земјиште со вкупна површина од 285м2 и тоа:

- Дел од КП 5505 новоформирана КП бр.5505/2 КО Демир Капија ИЛ бр.341..........1 м2;
- Дел од КП 5513 новоформирана КП бр.5513/2 КО Демир Капија ИЛ бр.341........46 м2;
- Дел од КП 5515 новоформирана КП бр.5515/2 КО Демир Капија ИЛ бр.341..........8 м2;
- Дел од КП 5516 новоформирана КП бр.5516/2 КО Демир Капија ИЛ бр.341........22 м2;
- Дел од КП 5516 новоформирана КП бр.5516/3 КО Демир Капија ИЛ бр.341..........1 м2;
- Дел од КП 5487 новоформирана КП бр.5487/2 КО Демир Капија ИЛ бр.578..........1 м2;
- Дел од КП 5489 новоформирана КП бр.5489/2 КО Демир Капија ИЛ бр.581..........1 м2;
- Дел од КП 5490 новоформирана КП бр.5490/2 КО Демир Капија ИЛ бр.581..........6 м2;
- Дел од КП 5528 новоформирана КП бр.5528/2 КО Демир Капија ИЛ бр.605..........3 м2;
- Дел од КП 5529 новоформирана КП бр.5529/2 КО Демир Капија ИЛ бр.605..........1 м2;
- Дел од КП 5530 новоформирана КП бр.5530/2 КО Демир Капија ИЛ бр.894......120 м2;
- Дел од КП 5531 новоформирана КП бр.5531/2 КО Демир Капија ИЛ бр.894........19 м2;
- Дел од КП 5534 новоформирана КП бр.5534/2 КО Демир Капија ИЛ бр.978..........8 м2;
- Дел од КП 5488 новоформирана КП бр.5488/2 КО Демир Капија ИЛ бр.1019........3 м2;
- Дел од КП 5485 новоформирана КП бр.5485/2 КО Демир Капија ИЛ бр.1512........3 м2;
- Дел од КП 5510 новоформирана КП бр.5510 КО Демир Капија ИЛ бр.1626...........6 м2;
- Дел од КП 5523/2 новоформирана КП бр.5523/3 КО Демир Капија ИЛ бр.2308.....11 м2;
- Дел од КП 5524/2 новоформирана КП бр.5524/3 КО Демир Капија ИЛ бр.2308.....25 м2;

**Член 3**

За експроприраната недвижност на физичките лица сопственици на предметното земјиште ќе му се исплати праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста, утврдена под услови и на начин согласно со Законот за

експропријација, според методологија, правила и стандарди согласно со Законот за процена. Надоместокот е утврден со Проценка на недвижен имот П.бр.307/1 од 13.09.2024 година изработена од Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци.

**Член 4**

Надоместокот за експроприраната недвижност и трошоците на постапката паѓаат на товар на Општина Демир Капија.

**Член 5**

Предлогот за експропријација го поднесува Општина Демир Капија до органот на државната управа надлежен за имотноправните работи (орган за експропријација).

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 714/6
25.11.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење**

Се објавува Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Број 09–726/4
26.11.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 26 став 1 точка 6 а во врска со член 7 став 1 алинеја 8, член 9 став 2 и член 23 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и "Службен весник на РСМ" бр.122/21, 111/23 и 208/24), Советот на Општина Демир Капија на XL-та седница одржана на ден 25.11.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење**

**Член 1**

Со оваа Одлука се резервираат средства во Буџетот на Општина Демир Капија во висина од 150.969,00 денари, за потполна експропријација на земјиште за реализација на јавен интерес од локално значење – "Реконструкција на ул."Борис Кидрич" во Демир Капија.

**Член 2**

Со експропријацијата за реализација на јавен интерес од локално значење, ќе престане правото на сопственост на физичките лица (приватна сопственост) а ќе се заснова правото на сопственост на Општина Демир Капија (општинска сопственост) на земјиште со вкупна површина од 273м2 и тоа:
- Дел од КП 3931 новоформирана КП бр.3931/2 КО Демир Капија ИЛ бр.2429......61 м2;
- Дел од КП 3876 новоформирана КП бр.3876/2 КО Демир Капија ИЛ бр.2458......14 м2;
- Дел од КП 3857 новоформирана КП бр.3857/2 КО Демир Капија ИЛ бр.2120......13 м2;
- Дел од КП 3857 новоформирана КП бр.3857/3 КО Демир Капија ИЛ бр.2120......85 м2;
- Дел од КП 3858 новоформирана КП бр.3858/2 КО Демир Капија ИЛ бр.18............8 м2;
- Дел од КП 3860 новоформирана КП бр.3860/2 КО Демир Капија ИЛ бр.845........13 м2;
- Дел од КП 3860 новоформирана КП бр.3860/3 КО Демир Капија ИЛ бр.845........10 м2;
- Дел од КП 3874 новоформирана КП бр.3874/2 КО Демир Капија ИЛ бр.14..........26 м2;
- Дел од КП 3869 новоформирана КП бр.3869/2 КО Демир Капија ИЛ бр.5............13 м2;
- Дел од КП 3868 новоформирана КП бр.3868/2 КО Демир Капија ИЛ бр.1..............4 м2;
- Дел од КП 3868 новоформирана КП бр.3868/3 КО Демир Капија ИЛ бр.1............26 м2;

**Член 3**

За експроприраната недвижност на физичките лица сопственици на предметното земјиште ќе му се исплати праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста, утврдена под услови и на начин согласно со Законот за

експропријација, според методологија, правила и стандарди согласно со Законот за процена. Надоместокот е утврден со Проценка на недвижен имот П.бр.305/1 од 13.09.2024 година изработена од Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци.

**Член 4**

Надоместокот за експроприраната недвижност и трошоците на постапката паѓаат на товар на Општина Демир Капија.

**Член 5**

Предлогот за експропријација го поднесува Општина Демир Капија до органот на државната управа надлежен за имотноправните работи (орган за експропријација).

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 714/7
25.11.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Оперативен план за дејствување во зимски услови на територијата на Општина Демир Капија 2024-2025 година**

Се објавува Оперативен план за дејствување во зимски услови на територијата на Општина Демир Капија 2024-2025 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Број 09–726/5
26.11.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/2002) и член 34 точка 3 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18, и ,,Сл. весник на РСМ” бр.215/21), Советот на општина Демир Капија, на седницата одржана на ден 25.11.2024 година, донесе

**О П Е Р А Т И В Е Н  П Л А Н**
**ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА 2024-2025 ГОДИНА**

**В О В Е Д**

Општината Демир Капија согласно Законот за заштита и спасување (,,Сл.весник на РМ” бр.36/04, 49/04, 86/08, 85/09, 124/10, 18/11 и 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18, и ,,Сл. весник на РСМ” бр.215/21), превзема мерки и активности за навремено вклучување, попречување и отстранување на последиците што би ги предизвикале временските неприлики во зимскиот период како: интезивни врнежи од снег, голомразица, поплави, лизгање на земјиште, снежни наноси и др.

Оперативниот план за дејствување во зимски услови се изготвува од причина што и општината Демир Капија може да биде зафатена од овие временски неприлики, па така само за потсетување како пример од минатото треба да се споменат големите снежни врнежи во 1983/84 год. кога висината на снежната покривка во Демир Капија достигна 119 см, потоа 2001/2002 год. 70 см, обилните снежни врнежи 2011/2012, излевањето на река Бошавица во 1979 година при што се поплави левата страна од течението на реката, односно голем дел од централното градско подрачје и беа предизвикани и големи материјални штети. Исто така, општината Демир Капија обилни врнежи од дожд ја зафатија во месеците јануари и февруари 2015 година, кои што предизвикаа излевање на реките каналите и пороите, а со самото тоа беа поплавени деловни и станбени објекти, земјоделско земјиште и др.

Со цел спречување на поголеми последици од дејството на природните непогоди во зимски услови врз луѓето и материјалните добра, се превземаат превентивни и оперативни мерки и активности.

Во активностите за справување со последиците од природните непогоди покрај избраниот оператор со кој општината има склучено Договор за извршување на услуги за расчистување на локални патишта и улици во зимски услови, по потреба можат да бидат вклучени сите субјекти од јавен карактер, како и приватните претпријатија, друштва и физички лица. Во оперативните мерки и активности ќе бидат ангажирани

претпријатијата и субјектите кои располагаат со соодветна механизација за отстранување на последиците од природните непогоди и други несреќи во зимскиот период.

**I. Начин на финансирање за извршената работа**

Општината Демир Капија во Програмата за одржување на локалните патишта и улици, има предвидено средства за одржување на локалните патишта и улици во зимски услови.

Во случаи кога снежната покривка е поголема од 10 сантиметри, Јавното комунално претпријатие ,,Бошава" од Демир Капија во својата годишна програма има предвидено рачно расчистување на снегот од јавните и сообраќајни површини – тротоари, како и тротоарите и сливниците на двата моста на река Бошавица.

Ова рачно расчистување на снегот е предвидено на главната улица ,,Маршал Тито" и тоа :

- од спојот со улицата "Првомајска" па до крајот на истата вклучувајќи ја и пешачката зона (плоштадот);

- дел од улицата ,,11 Октомври" до старите општински простории и понатаму се до спојот со ул. М.Тито кај Домот на културата и новите општински простории, како и мостовите на река Бошавица.

• Рачно чистење на снег и мраз во зимски услови

Во зимскиот период се задолжува ЈКП,,Бошава" да врши рачно чистење на снегот и мразот од јавно-прометните површини дадени во долната табела

| улица | опис | површина (м2) |
|---|---|---|
| ,,Маршал Тито" | Од спојот со ул. Првомајска вклучувајќи ја и пешачката зона (плоштадот), па заклучно со стариот мост, вклучувајќи ги и тротоарите на истиот. | 2113 |
| ,,11 Октомври" | Од спој со ул. Маршал Тито (кај јазот) преку првото вкрстување со улица Питу Гули, понатаму преку новиот мост на Бошавица и Улица број 3, до спој со ул. Партизанска.<br><br>Од спојот со ул. Маршал Тито (плоштад) покрај Спортска сала до вкрстувањето кај старите општински простории. | 1560 |

Општина Демир Капија почнувајќи од 2008 година, секоја тековна година склучува Договор за извршување на услуги за одржување и расчистување на јавни површини- сообраќајници и локални патишта од снежни наноси, со субјект кој што располага со соодветна механизација за расчистување на снег, набавка на сол и ризла како и за спречување на штети од други природни непогоди во зимски услови (поплави, вадење на дрвја од мостови од надојдени води, свлечишта и сл.)

Исплатата по извршена работа ќе се реализира по достава на фактура ,што е пак детално прецизирано во самите Договори.

ЈП ,,Македонија пат" подружница Велес – пункт Демир Капија, покрај своите редовни активности во зимски услови за расчистување на снегот од автопатот А1 (Е-75) како приоритетна задача, ги чисти и регионалните патишта, како и главната улица ,,Маршал Тито" во Демир Капија и тоа од клучката на влезот во Демир Капија па преку улицата ,,Првомајска" и Обиколницата се до својот пункт на улицата ,,Наум Наумовски".

**• Регионални патни правци што ги чисти ,,Македонија пат" подружница Велес – пункт Демир Капија**

| р.број | ознака | патен правец | километри |
|---|---|---|---|
| 1. | Р-1102 | Д.Капија - Неготино | 18,0 |
| 2. | Р- 2137 | Д.Капија – Корешница-Бистренци –Војшанци | 9,3 |
| 3. | Р- 1102 | Д.Капија - Давидово | 27,5 |
| 4. | Р- 29171 | Д.Капија – Бесвица - Барово | 18,0 |
| 5. | Р-1102 (дел) и Р-29171 (дел) | клучка-влез во Д.Капија- пункт на ,,М. Пат" | 3,4 |

**II. Преглед на механизација и алати на субјекти од општина Демир Капија кои дополнително може да бидат вклучени во расчистување на улиците и патиштата**

| | Носител на активноста | Вид на работни машини, возила | Алатки | Овластено лице |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ЈКП,,Бошава” | Трактор IMT 539 Ferguson;<br><br>ПП Цистерна марка FAP 13-13 | Лопати бр.8<br><br>Копачи бр.2 | Петар Јованов<br><br>тел.043 366 261<br><br>070 266 629 |
| 2. | ДООЕЛ ,,Алаџис” ДСС Неготино | Утоварач “Liebherr564”; Багер “Case460”; Багер "Volvo210"; Багер “Kobelco229”, камион - кипер “Mercedes1824” | | Душко Стојанов<br><br>076 667 777 |
| 3. | ЈП Национални шуми - подружница Д.Капија | Булдозер TG-110; камион-FAP 14/14; тер.возила - Lada Niva, Dacia Duster, џип UAZ | Лопати бр.10<br><br>Копачи бр .5 | Слободан Чапов<br><br>043 366 236<br><br>070 216 856 |
| 4. | “Ване ком јуниор” ДООЕЛ Демир Капија | Утоварач Volvo; Багер Case CX 210; камион - кипер MAN | | Ванчо Личев<br><br>Тел.075 276 124 |
| 5. | Ѕвонко Димитриев<br><br>Демир Капија | Булдозер TG – 105;<br><br>Скип – ICB 3 | | Ѕвонко Димитриев<br><br>071 323 749; 076 226 466 |
| 6. | ,,Мише Транс” | Булдозер TG-105; | | Атанас Трајков<br><br>Тел. 070 612 119 |
| 7. | Андреј Стојов<br><br>Демир Капија | Скип – ICB 3CX | | Андреј Стојов<br><br>Тел: 071 882 355 |
| 8. | Трајче Тодоров<br><br>Неготино | Скип – ICB 4CX | | Трајче Тодоров<br><br>078 324 945 |

**III. Активности и мерки за отстранување на последиците**

Заради брзо нормализирање на животот на подрачјето зафатено со природна непогода потребно е превземање на низа мерки и активности како:

- Проценка на штетите и последиците ;
- Санација на подрачјето во општината зафатено со природната непогода (Единица на локална самоуправа Демир Капија);
- Обезбедување и давање на неопходна помош на загрозеното население (ЕЛС-Демир Капија, Центар за социјални работи Неготино, Црвен крст Неготино);
- Спроведување на здравствени и хигиено – епидемиолошки мерки (Здавствен дом Неготино – преку Здравствена станица Демир Капија,и ПЗУ од Демир Капија);
- Обезбедување на снабдувањето и на комуналните услуги за брзо нормализирање на животот (ЕЛС- Демир Капија, ЈКП ,,Бошава” Демир Капија, ЕВН и др.).

Во случај на појава на природни непогоди и други несреќи и во случај на прогласување на елементерна непогода Јавното комунално претпријатие ,,Бошава” од Демир Капија и другите претпријатија и служби, со механизација, алат и луѓе ќе бидат вклучени во расчистувањето-отстранувањето на последиците од природната непогода. Исто така ќе бидат мобилизирани општинскиот штаб и единиците за заштита и спасување кои се формирани од општината Демир Капија.

При мобилизација овие единици се стваат во надлежност на Општинскиот штаб за заштита и спасување кој раководи со нивните понатамошни активности.

Доколку непогодата е од такви размери да локалните сили не можат да се справат со последиците од истата, на помош на овие сили ќе биде ангажирана и Дирекцијата за заштита и спасување со свои средства и единици.

**IV. Пропишување на оперативна постапка**

**Ракување со планот**

Ракувањето со плановите за заштита и спасување од природни непогоди, и други несреќи во зимски услови за подрачјето на општината Демир Капија вклучува континуирано ажурирање,периодично дополнување и наменски измени на содржината кои мораат на соодветен начин да се евидентираат.

За ажурирањето и дополнувањето како и водењето на евиденција одговара ракувачот на планот.

Ракувачот на оперативниот план е лице кое е овластено од Градоначалникот на општината да ракува и да го чува истиот.

**Употреба на планот**

Плановите за заштита и спасување од природни непогоди, и други несреќи во зимски услови на подрачјето на Општината се употребуваат врз основа на Одлуката што ја донесува Советот на општината, а во одредени ситуации кога тоа го бара итноста на постапката, Одлука за употреба на овие планови може да донесе и Градоначалникот, како и Командантот на Општинскиот штаб за заштита и спасување.

Број 08 – 714/8
25.11.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Програма и план за работа (со финансиски план) на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за 2024 година**

Се објавува Решение за давање согласност на Програма и план за работа (со финансиски план) на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Број 09–726/6
26.11.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), Советот на општина Демир Капија на XL-та седница одржана на ден 25.11.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Програма и план за работа (со финансиски план) на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за 2024 година**

1. Советот на општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Програмата и план за работа (со финансиски план) на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 714/9
25.11.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Број 09–726/7
26.11.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Демир Капија на XL-та седница одржана на ден 25.11.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци**

**1.** Советот на општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Годишниот план за вработување во 2024 година на Заедничкото јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2024 година е составен дел на ова решение.

**2.** ВД Директорот на Заедничкото јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци е должен по донесување на планот, да го достави на мислење до Министерството за јавна администрација.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 714/10
25.11.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2025 година на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2025 година на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Број 09–726/8
26.11.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Демир Капија на XL-та седница одржана на ден 25.11.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2025 година на Заедничко јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци**

**1.** Советот на општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Годишниот план за вработување во 2025 година на Заедничкото јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2025 година е составен дел на ова решение.

**2.** ВД Директорот на Заедничкото јавно претпријатие-Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци е

должен по донесување на планот, да го достави на мислење до Министерството за јавна администрација.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 714/11
25.11.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за периодот од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година**

Се објавува Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за периодот од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Број 09–726/9
26.11.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), Советот на Општина Демир Капија на XL-та седница одржана на ден 25.11.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" од Демир Капија за периодот од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година**

1. Советот на Општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Финансиски извештај на Јавното претпријатие за комунални работи "Бошава" од Демир Капија за периодот од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година, бр.05-545/1, усвоен од Управниот одбор на ЈКП "Бошава" Демир Капија на седницата одржана на ден 08.11.2024 година.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 714/12
25.11.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартал 2024 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартал 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Број 09–726/10
26.11.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), Советот на Општина Демир Капија на XL седница одржана на ден 25.11.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартал 2024 година**

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за третиот квартален период 2024 година.

2. Кварталниот извештај е составен дел од овој Заклучок.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 714/13
25.11.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Број 09–726/11
26.11.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-663/1 од 24.10.2024 година, Советот на Општина Демир Капија на XL-та седница одржана на ден 25.11.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **3.000,00 (три илјади) денари** на лицето **РАМАДАН ЈУСУФОВ** од с.Прждево, заради лекување на неговата сопруга.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 250030000131884 на лицето Рамадан Јусуфов од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 714/14
25.11.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---